Makod nije

p. fab 51

# СЛУЖБ

НА СОЦИЈ ЛИСТ ЧК ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно на хрватскосрпски, словеначки и на македонски јазик — Огласи според тарифата — Жиро сметка кај Службената на општественото книговодство за претплата посебни издаја и огласи 602-3-201

Среда, 11 јануари 1967

БЕЛГРАД

БРОЈ 2 ГОД. XXIII

Цена на овој број е 2,40 (240) дин. — Аконтацијата на претплатата за 1967 година изнесува 38 (3.800) дин. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах. 226 — Телефони: централа 50-931, 50-932, 50-933 и 51-061; Служба за претплата 51-732, Продајна служба 51-071


**15.**

Врз основа на членот 177 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со членот 17 став 3 од Основниот закон за статистиката, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 26 декември 1966 година и на седницата на Организационо-политичкиот собор од 27 декември 1966 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА СТАТИСТИЧКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА ЗА 1967 ГОДИНА

1. Се усвојува планот на статистичките истражувања кој содржи статистички истражувања од интерес за целата земја и статистички истражувања од интерес за федерацијата, што ќе се вршат во текот на 1967 година.

2. Планот на статистичките истражувања за 1967 година е составен дел од оваа одлука и се објавува во „Службен лист на СФРЈ", бр. 2/67.

3. Оваа одлука влегува во сила на 1 јануари 1967 година.

**Сојузна скупштина**

АС бр. 687
29 декември 1966 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Едвард Кардељ**, с. р.

Претседател
на Организационо-политичкиот собор,
**Крсто Попивода**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Милош Миниќ**, с. р.

**16.**

Врз основа на членот 7 став 1 од Основниот закон за здравствениот надзор над прехранбените продукти („Службен лист на СФРЈ", бр. 44/65), во согласност со сојузниот секретар за индустрија и трговија и со сојузниот секретар за земјоделство и шумарство, сојузниот секретар за здравство и социјална политика пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНИ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА БАКТЕРИОЛОШКИТЕ УСЛОВИ НА КОИ МОРААТ ДА ИМ ОДГОВАРААТ ПРЕХРАНБЕНИТЕ ПРОДУКТИ ВО ПРОМЕТ

Член 1

Во Правилникот за бактериолошките услови на кои мораат да им одговараат прехранбените продукти во промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 4/66) членот 4 се менува и гласи:

„Ако со овој правилник за одделни прехранбени продукти не е определено поинаку, продуктите од членот 2 на овој правилник не смеат да содржат:

1) бактерии од Salmonella вид во 20 g(ml);

2) Staphylococcus pyogenes var. aureus во 0,01 g(ml);

3) сулфиторедукувачки клостридии во 0,01 g(ml);

4) Proteus вид во 0,001 g(ml);

5) Streptococcus faecalis во 0,001 g(ml);

6) Escherichia coli во 0,001 g(ml);".

Член 2

Во членот 24 став 3 зборот: „пречистена" се заменува со зборот: „природна".

Член 3

Членот 35 се менува и гласи:

„Ако со лабораториско испитување се утврди дека прехранбените продукти од членот 2 на овој правилник содржат бактерии од Salmonella вид во 20 g (ml), таквите продукти ќе се сметаат штетни по здравјето.

Ако со лабораториско испитување се утврди дека прехранбените продукти од членот 2 на овој правилник содржат бактерии од членот 4 точ. 2 до 6 и членот 5 на овој правилник во број поголем од 100.000 во 1 g (ml), таквите продукти ќе се сметаат штетни по здравјето доколку не можат да се подложат на бактерицидно топлотно дејство пред нивната употреба или ако не можат да се преработат во смисла на членот 36 на овој правилник.

Ако со лабораториско испитување се утврди дека производите од месо предвидени со овој правилник содржат колиформни бактерии во број поголем од 100.000 во 1 g, таквите производи ќе се сметаат расипани доколку не можат да се подложат на бактерицидно топлотно дејство пред нивната употреба."

Член 4

Во членот 37 став 1 во четвртиот ред одозгора зборовите: „или бактерии" се бришат.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3032/1
28 декември 1966 година
Белград

Сојузен секретар
за здравство и социјална политика,
**Драгутин Косовац**, с. р.

**17.**

Врз основа на членот 112 став 1 и членот 146 од Основниот закон за рударството („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/66), во согласност со сојузниот секретар за труд, сојузниот секретар за индустрија и трговија пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ТЕХНИЧКИТЕ МЕРКИ И ЗА ЗАШТИТАТА НА РАБОТА ПРИ ИСТРАЖУВАЊЕ И ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА НАФТА И ЗЕМНИ ГАСОВИ СО ДЛАБИНСКИ ДУПНАТИНИ

Член 1

Во Правилникот за техничките мерки и за заштитата на работа при истражување и експлоатација на нафта и земни гасови со длабински дупнатини („Службен лист на ФНРЈ", бр. 46/60 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 37/64) во членот 3 ставот 1 се брише.

Досегашните ст. 2 и 3 стануваат ст. 1 и 2.

Член 2

Во членот 5 став 1 втората реченица се менува и гласи: „Отпадочните води можат да се испуштаат во текушти води, езера, рибници и море дури откако доволно ќе бидат исчистени во базени за таложење или во други погодни уреди, за да не можат да предизвикаат штета, и откако надлежната санитарна инспекција ќе даде одобрение за испуштање на тие отпадочни води."

Во ставот 2 зборовите: „за при поплавата да не се загадат текуштите води" се заменуваат со зборовите: „со непропусни насипи повисоки од над 0,5 m од највисокиот водостој забележен за последните 20 години, за да не се загадат текуштите води и во случај на сличен водостој".

Член 3

Во членот 6 став 4 во втората реченица на крајот се додаваат зборовите: „и тие мораат да бидат усогласени со прописите за изградба на магацини за држење запаливи течности".

Член 4

Членот 8 се менува и гласи:

„Кулите на дупнатините мораат да имаат цертификат на производителот за извршената статичке пресметка, според нормите на земјата на производителот. Кула без цертификат не смее да се употребува.

Челичната конструкција на кулата мора да биде заштитена од корозија со пласт од антикорозивно средство.

Секоја година мора да се врши периодична контрола на кулите, без оглед на нивната носивост, преку стручна установа или организација, која по извршеното испитување на кулата ќе издаде соодветна потврда за извршената контрола на исправноста на кулата.

На видно место на кулата мора да биде истакната табла со податоци за називот на фирмата што ја изградила кулата, за годината на изработката и за дозволеното редовно и вонредно оптоварување на короната и кукачката."

Член 5

Во членот 13 се додава нов став 1, кој гласи:

„Секоја кула на дупнатина мора да има сигурносно челично јаже со сигурносен стол и со сигурносен опаѓувач за брзо спуштање на кулариите во случај на потреба. Куларите што работат на средното подиште мораат да бидат извежбани за употреба на сигурносен стол и сигурносен опаѓувач. Сигурносното челично јаже што служи за сигурносен стол мора да биде исправно и на обата краја прописно прицврстено."

Досегашниот став 1 станува став 2, досегашните ст. 2 и 3 се бришат, а досегашниот став 4 станува став 3.

Член 6

Во членот 15 став 2 зборовите: „цврсто јаже од коноп" се заменуваат со зборовите: „челично јаже", а зборот: „дрвото" се заменува со зборовите: „исплачното дрво".

Член 7

Во членот 18 ставот 2 се менува и гласи:

„Мртвиот крај на продупнувачкото јаже треба да биде укотвен онака како што е тоа предвидено со конструкцијата на кулата."

Член 8

Во членот 19 ставот 2 се менува и гласи:

„Контролата на хоризонталноста на темелот односно на супструктурата (постаментот) мора да се врши пред почетокот на дупчењето и, по потреба, во текот на работата."

Член 9

Во членот 20 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Кај подвижни кули, пред нивното дигање, треба визуелно да се контролираат заварувањата и спојниците на споевите на конструкцијата на кулата (зглобовите и потпирките или лежиштата во кои се вглавуваат подвижните делови)."

Член 10

Во членот 21 став 1 зборовите: „во пречник 12 до 19 mm а, по правило, во состав 6 × 19 + 1," се бришат.

Член 11

Во членот 26 ставот 1 се менува и гласи:

„Претпријатието е должно најмалку еднаш годишно да ги прегледа и испита преку електротехнички стручњак електричните уреди и инсталации."

Во ставот 3 зборовите: „под раководство на надзорникот" се бришат.

Член 12

Во членот 35 зборовите: „(член 36 став 2)" и зборовите: „конструирани и" се бришат.

Се додава нов став 2, кој гласи:

„Како опасна зона при дупчењето со мотор со внатрешно согорување се подразбира кружен простор со полупречник до 15 m околу средиштето на дупнатината."

Член 13

Членот 36 се менува и гласи:

„Краиштата на испусните цевки на погонските мотори треба барем 15 m да се оддалечени од устието на дупнатината, а споевите на цевките добро да се затнати со средство отпорно спрема високи температури.

Шмукачките цевки треба да имаат уред за запирање на протекувањето на воздух, кој може да се вклучи од работното место на ракувачот на дупчачката дигалка и кај самиот мотор. Надворешните делови на моторот во цевката во опасна зона не смеат на надворешни површини да имаат работна температура над 350°C. Сите мотори што се наоѓаат во опасна зона треба да имаат сигурен уред за нагло гаснење во случај на опасност.

Пред пуштањето на дупчачка гарнитура во работа и непосредно пред надупчување на пласт нафта и земен гас мора да се изврши преглед на моторот со внатрешно согорување и на неговите шмукачки и испусни уреди. Ако при овој преглед се утврди некаков недостаток, треба да се преземат потребни сигурносни мерки.

Ако за задвижување на мотор со внатрешно согорување се употребува компримиран воздух, за подмачкување на воздушниот цилиндар и разводникот на компресорот мора да се употребува само чисто минерално масло со пламиште над 220°C."

Член 14

Во членот 38 по ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Бетонските резервоари мораат да бидат осигурени со громобран, а резервоарите од челична ламарина мораат да бидат прописно уземјени."

Член 15

Во членот 40 на крајот се додаваат запирка и зборовите: „а според важечките технички прописи за електроенергетските постројки на места загрозени од експлозивни смеси при истражување и експлоатација на нафта и природни гасови со длабински дупнатини".

Член 16

Во членот 46 ставот 2 се менува и гласи:

„Успешното затворање на надворешна вода во дупнатина и херметичноста на вградената колона на заштитните цевки мораат да се испитаат со помош на притисок, за што мора да се состави записник."

Член 17

Во членот 50 став 2 зборовите: „продупнувачкиот мајстор" се заменуваат со зборовите: „водачот на смената".

Член 18

Во членот 53 во третата реченица: „Продупнувачкиот мајстор" се заменуваат со зборовите: „Водачот на смената".

Член 19

Членот 55 се менува и гласи:

„При завртување односно одвртување на дупнувачки алатки или цевки со помош на рачни верижни клешти, не смее да се употребува силата на дигалката."

Член 20

Во членот 58 во уводната реченица зборовите: „се смета дека" се бришат.

Во точката 1 зборовите: „техничката (уводната заштитна)" се заменуваат со зборовите: „уводната заштитна".

Точката 2 се менува и гласи:

„2) уводната заштитна колона, односно последната колона, вградена над пластот од кој се очекуваат проникнувања на нафта, гас или вода мора на устието да има превентери, кои можат во случај на потреба да осигуруваат:

а) непропусно затворање на просторот помеѓу алатките во дупнатината и колоната на заштитните цевки на која се поставени превентерите, при што алатките не можат да се поместуваат, — на полињата со познати притисоци;

б) непропусно затворање на устието на дупнатината кога не се наоѓаат алатки во неа, — на полињата со познати притисоци;

в) непропусно затворање на просторот помеѓу колоната на заштитните цевки на која се поставени превентери и алатките во дупнатината, без оглед на пречникот и формата на алатките при што кај непропусно затворено устие е овозможено нивно поместување, — на непознати полиња и населби;".

Точката 4 се менува и гласи:

„4) над потонската прачка мора да се вгради специјален затворач (Kelly cock), а на работното подиште на кулата мора да биде во приправност соодветен противповратен вентил;".

Точката 10 се менува и гласи:

„10) работниците мораат да бидат запознаени и обучени во ракување со превентери и засуни. Заради проверување на состојбата на заштитните уреди, мора да се изврши преглед на овие уреди по нивното поставање, а пробни затворања мораат да се вршат еднаш месечно во различни смени како и по вградување и цементирање на колони."

Се додава нов став 2, кој гласи:

„Превентерите од точката 2 на ставот 1 од овој член мораат да имаат најмалку две до три можности за затворање односно отворање, ако конструктивно не е предвидено поинаку."

Член 21

Членот 59 се менува и гласи:

„Сите уреди од членот 58 став 1 точка 2 на овој правилник мораат пред поставањето на устието од дупнатината да се испитаат поединечно на притисокот за кој се предвидени (изработени).

По поставањето на устието од дупнатината наведените уреди мораат собирно да се испитаат на притисокот на кој се испитува херметичноста на колоната за која се врзани. За испитувањето мора да се состави записник. Овие уреди мораат да им одговараат на очекуваните притисоци. За очекуван притисок на првата дупнатина во уште неиспитано подрачје треба да се смета N/8 at. При тоа, за N се зема предвидената длабина на продуктивните наслаги изразена во метри. Во познат терен за очекуван притисок треба да се смета најголемиот дотогаш утврден пластен притисок на односното лежиште."

Член 22

Во членот 61 ставот 1 се менува и гласи:

„Во случај на ненадејни ерупции на нафта, гас и вода треба веднаш да се затвори превентерот и да се преземат мерки за нормализирање на состојбата. Ако не е можно да се затвори превентерот или ако дојде до отворена ерупција, веднаш треба да се запре работата на постројката и да се отстранат работниците од кулата и од постројките што се во врска со неа."

Ст. 2, 3 и 4 се бришат.

Досегашните ст. 5 и 6 стануваат ст. 2 и 3.

Член 23

Во членот 68 зборовите: „со притисок што е за 50% поголем од предвидениот максимален работен притисок" се заменуваат со зборовите: „според прописите за испитување на садови под притисок".

Член 24

Во членот 71 став 1 по зборот: „проветруваат" се додаваат запирка и зборовите: „ако спроведеното природно проветрување не е доволно".

Ставот 2 се менува и гласи:

„Компресорските станици и кукичките за разведување на гас мораат да се градат од незапалив материјал."

Член 25

Во членот 74 став 2 по зборот: „синџирот" се додаваат зборовите: „или со челичното јаже".

Ставот 3 се менува и гласи:

„Нишалката не смее да се задвижува додека на неа се наоѓа работник или додека се работи нешто на неа."

Член 26

Членот 76 се менува и гласи:

„Торпедирање на дупнатини со цел за отстранување на тешки хаварии при дупчење или зголемување на производството на нафта може, до донесувањето на соодветни прописи за електрокаротажа и торпедирање на дупнатини, да се врши само по одобрение од техничкиот раководител на претпријатието."

Член 27

Во членот 78 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„За вакви работи треба да се изработат специјални упатства."

Член 28

Во членот 86 став 1 во точката 1 зборовите: „градежно-технички мерки за заштита од пожар според постојната состојба и перспективниот развој на претпријатието;" се бришат.

Во ставот 3 зборот: „околискиот" се заменува со зборот: „надлежниот".

Член 29

Во членот 87 ставот 3 се менува и гласи:

„Пожар на нафта односно нафтини деривати смее да се гаси само со специјални средства (пена, сув прав, јаглен-диоксид, песок, земја и други специјални средства), а смее да се гасне со вода само во вид на водена магла."

Член 30

Членот 88 се менува и гласи:

„Секое претпријатие е должно да организира противпожарна единица, што ќе ја снабде со потребни справи и опрема за заштита од пожар, според важечките прописи за заштита од пожар. Работна единица односно работилиште мора да има и дење и ноќе телефонска врска со територијално најблиската противпожарна единица."

Член 31

Членот 89 се брише.

Член 32

Во членот 90 по зборот: „треба" се додава зборот: „согласно".

Член 33

Членот 91 се брише.

Член 34

Во членот 43 став 1, членот 50 став 4 и во членот 62 зборовите: „технички управник" во различно членување, се заменуваат со зборовите: „технички раководител на погонот" во соодветно членување.

Во членот 61 новиот став 3 зборот: „Управникот" се заменува со зборовите: „Техничкиот раководител".

Во ставот 78 став 2 зборот: „управник" се заменува со зборот: „раководител".

Член 35

Овој правилник влегува во сила по истекот на триесет дена од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 6361/2
9 декември 1966 година
Белград

Сојузен секретар
за индустрија и трговија,
**Хакија Поздерац,** с. р.

**18.**

Врз основа на членот 10 став 1 од Законот за правата на носителите на „Партизанска споменица 1941" („Службен лист на ФНРЈ", бр. 15/56 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 56/65), сојузниот секретар за финансии издава

## НАРЕДБА

### ЗА ИСПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ НА НОСИТЕЛИТЕ НА „ПАРТИЗАНСКА СПОМЕНИЦА 1941" ЗА КОРИСТЕЊЕ ГОДИШЕН ОДМОР ВО 1967 ГОДИНА

1. На име надоместокот на трошоците за користење годишен одмор во 1967 година на носителите на „Партизанска споменица 1941" ќе им се исплати износ од 600 динари.

2. Дознаката на надоместокот од точката 1 на оваа наредба ќе ја врши Службата на општественото книговодство — Филијала 603, Белград, по пат на банчина упатница, на адресата на корисникот, по списоците добиени од Државниот секретаријат за народна одбрана, или на адреса на полномошник.

3. Исплатата на надоместокот на трошоците за користење на годишниот одмор според оваа наредба ќе се врши од 1 јануари 1967 година.

4. Надоместокот на трошоците за користење на годишниот одмор за 1966 година и поранешните години, што на носителите на „Партизанска споменица 1941" не им е исплатен, не може, во смисла на членот 10 став 2 од Законот за правата на носителите на „Партизанска споменица 1941", да им се исплати во 1967 година.

5. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 4-13637
31 декември 1966 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Киро Глигоров,** с. р.

**19.**

Врз основа на членот 38 точка 3 и чл. 122 и и 123 од Основниот закон за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/65, 57/65 и 29/66), Собранието на Југословенската заедница на социјалното осигурување донесува

## ОДЛУКА

### ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНО РЕОСИГУРУВАЊЕ ВО ИНВАЛИДСКОТО И ПЕНЗИСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

1. Заради спроведување на задолжителното реосигурување во инвалидското и пензиското осигурување, кај Сојузниот завод за социјално осигурување се формира фонд на инвалидско-пензиското реосигурување (во понатамошниот текст: фонд за реосигурување).

2. Задолжително реосигурување се спроведува за ризиците од инвалидското и пензиското осигурување:

1) што настануваат во случај на поголеми групни несреќи при работата или вон работата;

2) што настануваат со признавање правото на пензија на осигуреници и на членови на семејствата на осигуреници што поголемиот дел од времето на осигурувањето го поминале надвор од подрачјето на заедницата на товар на чиј фонд бараат признавање на правото на пензија.

3. Како поголеми групни несреќи за кои се спроведува задолжително реосигурување се сметаат несреќата при работата или вон работата што имале за последица трајна неспособност за работа, или трајно намалување на способноста за работа, или смрт на најмалку три осигуреници.

Како поголеми групни несреќи при работата се сметаат, согласно со членот 2 од Законот за посебното регулирање на определените прашања од областа на работните односи на подрачјето на град Скопје („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/63), и несреќите што настапиле како последица од земјотресот во Скопје.

4. Како случаи опфатени со реосигурување во смисла на точката 2 под 2 на оваа одлука, се сметаат случаите во кои повеќе од половината на работниот стаж признаен за пензија е поминато надвор од подрачјето на заедницата на товар на чиј фонд се признава правото на пензија.

5. За реосигурување се плаќа премија за реосигурување. Оваа премија се плаќа по стопата определена со тарифата на премијата за задолжително реосигурување ризици на инвалидското и пензиското осигурување.

6. Од фондот за реосигурување му се признаваат надоместоци на фондот на инвалидското и пензиското осигурување, и тоа:

1) две третини од износот на инвалидските пензии и инвалидниниите признаени на осигурениците поради загуба на способноста за работа поради повреди добиени во групна несреќа;

користење на издадените лекови при исплатувањето на трошоците за користење на здравствената заштита во смисла на членот 44 од Правилникот за користењето во странство на правата од здравственото осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/63).

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Ск. бр. 23/66
27 декември 1966 година
Белград

**Собрание на Југословенската заедница на социјалното осигурување**

Претседател,
**Риста Михајловиќ**, с. р.

**23.**

Врз основа на членот 124 од Основниот закон за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/65, 57/65 и 29/66), Собранието на Југословенската заедница на социјалното осигурување донесува

## ТАРИФА НА ПРЕМИЈАТА

### ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО РЕОСИГУРУВАЊЕ НА РИЗИЦИТЕ НА ИНВАЛИДСКОТО И ПЕНЗИСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 1967 ГОДИНА

1. Премијата за реосигурување на ризиците на инвалидското и пензиското осигурување предвидени во членот 122 став 1 точ. 2 и 3 на Основниот закон за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување ќе се пресметува и исплатува за 1967 година по стопата определена со оваа тарифа.

2. Премијата за реосигурување на ризиците од точката 1 на оваа тарифа изнесува 0,86% (проценти).

3. Премијата за реосигурување на ризиците се пресметува од основицата што ја сочинува уплатениот придонес за инвалидско и пензиско осигурување, односно од основицата утврдена според формулата $\frac{S \times 12{,}95}{s}$, при што S = износ на уплатениот основен придонес за инвалидско и пензиско осигурување, s = стопа по која е уплатен основниот придонес за инвалидско и пензиско осигурување, а 12,95 = број што означува просечната стопа на основниот придонес за инвалидско и пензиско осигурување спрема која е утврдена стопата на премијата.

4. Премијата за реосигурување на ризиците по стопата определена во оваа тарифа ќе се пресметува и уплатува од придонесите уплатени од 1 јануари 1967 година, на кој ден престанува да важи Тарифата на премиите за задолжително реосигурување на ризиците на инвалидското и пензиското осигурување за 1966 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/66 и 24/66).

5. Оваа тарифа влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Ск бр. 20/66
27 декември 1966 година
Белград

**Собрание на Југословенската заедница на социјалното осигурување**

Претседател,
**Риста Михајловиќ**, с. р.

# УКАЗИ

Претседателот на Републиката, врз основа на членот 217 став 1 точка 3 од Уставот, а на предлог од државниот секретар за надворешни работи, донесува

## УКАЗ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ЧАД

I

Се назначува

Мидхат Мурадбеговиќ, амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Конго-Бразавил, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Чад, со седиште во Бразавил.

II

Државниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 16
30 декември 1966 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

# РЕШЕНИЈА

Врз основа на точката 4 став 4 од Одлуката за основањето и работата на Генералниот секретаријат на Претседателот на Републиката („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/63 и 1/66), во врска со членот 159 од Законот за сојузната управа („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/65), потпретседателот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ НА ШЕФОТ НА КАБИНЕТОТ НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКАТА

Се разрешува Петар Ивичевиќ од должноста шеф на Кабинетот на потпретседателот на Републиката со 15 октомври 1966 година, поради одење на нова должност.

Бр. 56
15 октомври 1966 година
Белград

Потпретседател
на Републиката,
**Коча Поповиќ**, с. р.

Врз основа на точката 4 став 4 од Одлуката за основањето и работата на Генералниот секретаријат на Претседателот на Републиката („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/63 и 1/66), во врска со чл. 16 и 34 од Законот за сојузната управа („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/65), потпретседателот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ШЕФ НА КАБИНЕТОТ НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКАТА

За шеф на Кабинетот на потпретседателот на Републиката во положба советник на сојузен се-

кретар се именува Јелко Жагар, досегашен политички работник на работа во Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Југославија.

Бр. 58
7 декември 1966 година
Белград

Потпретседател
на Републиката,
**Коча Поповиќ**, с. р.

---

Врз основа на членот 84 став 2 од Законот за воените судови („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/65), државниот секретар за народна одбрана донесува

## РЕШЕНИЕ

## ЗА ИМЕНУВАЊЕ АРБИТРИ НА ВОЕНАТА СТОПАНСКА АРБИТРАЖА ПРИ ДРЖАВНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА НАРОДНА ОДБРАНА ЗА 1967 ГОДИНА

За арбитри на Воената стопанска арбитража при Државниот секретаријат за народна одбрана за 1967 година се именуваат:

1) Драшковиќ Воин, полковник на правната служба во Државниот секретаријат за народна одбрана, кој истовремено се определува и за заменик претседател на Воената стопанска арбитража;

2) Ромац др Анте, потполковник на правната служба во Државниот секретаријат за народна одбрана, кој истовремено се определува и за заменик претседател на Воената стопанска арбитража

3) Антониевиќ Слободан, генерален директор на претпријатието „Гранекспорт", Белград;

4) Анѓеловиќ Миодраг санитетски потполковник во Државниот секретаријат за народна одбрана;

5) Брили Хинко, дипломиран инженер, полковник на градежната служба во Државниот секретаријат за народна одбрана;

6) Будисављевиќ Момчило, генерален директор на претпријатието „Југотехна", Белград;

7) Фијавж Фрањо, генерален директор на претпријатието „Словенија Садје", Љубљана;

8) Јовановиќ Миодраг, потполковник на финансиската служба во Државниот секретаријат за народна одбрана;

9) Каназаревиќ Александар, советник во правната служба на Советот за економски односи со странство на Сојузната стопанска комора;

10) Кафециски Блажо, полковник на финансиската служба во Државниот секретаријат за народна одбрана;

11) Катиќ Божидар, директор на претпријатието „Планум", Земун;

12) Константиновиќ Глигорие, помошник директор на претпријатието „Вардар" експорт-импорт, Скопје;

13) Лакиќ Урош, потполковник на финансиската служба во Државниот секретаријат за народна одбрана;

14) Лазарујка Жарко, дипломиран инженер, технички полковник во Државниот секретаријат за народна одбрана;

15) Лупшиќ др Ѓорѓе, секретар на Надворешнотрговската арбитража на Сојузната стопанска комора;

16) Мекјавиќ Алекса, комерцијален директор на Јадранската слободна пловидба, Сплит;

17) Милиќ Радомир, дипломиран инженер, полковник на градежната служба во Државниот секретаријат за народна одбрана;

18) Муфтиќ Исам, интендантски потполковник во Државниот секретаријат за народна одбрана;

19) Николиќ Ѓорѓе, дипломиран инженер, воен службеник I класа во Државниот секретаријат за народна одбрана;

20) Перовиќ Душан, мајор на финансиската служба во Државниот секретаријат за народна одбрана;

21) Суѓиќ Душан, дипломиран инженер, советник во Секретаријатот за шумарство и дрвна индустрија на Сојузната стопанска комора;

22) Сенковиќ др Зденко, помошник директор на Деловното здружение на текстилната и памучната индустрија, Љубљана;

23) Шмигматор Јурај, директор на претпријатието „Воќе", Загреб;

24) Шнајдер Златко, директор на извозното претпријатие „Кемикалија", Загреб;

25) Шулигој Цирил, потполковник на финансиската служба во Државниот секретаријат за народна одбрана;

26) Тарановски Трајко, потполковник на финансиската служба во Државниот секретаријат за народна одбрана;

27) Темали Рикард, дипломиран инженер, службеник во Државниот секретаријат за народна одбрана;

28) Тричковиќ Слободан, интендантски потполковник во Државниот секретаријат за народна одбрана;

29) Урошев Пантелија, потполковник на финансиската служба во Државниот секретаријат за народна одбрана;

30) Живановиќ Небојша, дипломиран инженер, технички полковник во Државниот секретаријат за народна одбрана.

Бр. 1560/66
27 декември 1966 година
Белград

Државен секретар
за народна одбрана
генерал на армија,
**Иван Гошњак**, с. р.

# ПЛАН НА СТАТИСТИЧКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА ЗА 1967 ГОДИНА

| Реден број | Назив на истражувањето | Содржина | Кој е должен да дава податоци | Обврски на статистичката служба: на сојузниот орган — организација | Обврски на статистичката служба: во републиката | Со податоците ќе располага: општината | Со податоците ќе располага: републиката | Со податоците ќе располага: федерацијата | Први резултати од обработката | Трошоци во илј. Н динари |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| | | **СТАТИСТИКА НА ОПШТЕСТВЕНОТО САМОУПРАВУВАЊЕ** | | | | | | | | |
| | **Истражувања од интерес за целата земја** | | | | | | | | | |
| 1 | Избори за Сојузната скупштина, републичките, покраинските, околиските и општинските собранија — двегодишно | Резултати од изборите | Избирачки одбори и изборни комисии | а) Кај избори за Сојузната скупштина: Печатење обрасци, изработка на сумари | собирање, обработка на прашалници | x | x | x | Рокот не е определен | 406 |
| | | | | б) Кај избори за републичките, покраинските, околиските и општинските собранија: обработка на сумари | печатење обрасци, собирање и обработка на прашалници | | | | | |
| 2 | Индивидуални податоци за пратениците на Сојузната скупштина, републичките и покраинските собранија и за одборниците на околиските и општинските собранија — двегодишно | Пол, старост, школска спрема, народност, занимање, поранешен избор за одборник и положба во занимањето, дејност и квалификација | Новоизбран пратеник — одборник | За пратениците на Сојузната скупштина: обработка на прашалници; за пратениците на републичките и покраинските собранија и за одборниците на околиските и општинските собранија: обработка на сумари | За пратениците на републичките и покраинските собранија и за одборниците на околиските и општинските собранија: печатење обрасци, собирање и обработка | x | x | x | Рокот не е определен | 334 |
| 3 | Состав на општинското собрание и на другите органи на општественото самоуправување во општината (ОС) — годишно | Комисии, совети, месни заедници, собири на избирачите | Општинско собрание | Печатење обрасци и обработка на сумари | Собирање, и обработка на прашалници | x | x | x | 15.05 | 98 |
| 4 | Анкета за работата на работничките совети на стопанските претпријатија (ДУ-16) | Состав, надлежности, работа и резултати од работата на органите на самоуправувањето, распределба на доходите и личните доходи, материјална база на самоуправувањето, пренесување на правата од централните органи на работната единица, форми на непосредното управување | Стопански претпријатија избрани во мостра | Печатење обрасци, обработка на прашалници и трошоци на инструкторите, анкетарите и обработката | Собирање | - | x | x | 30.09 | 381 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Истражувања од интерес за федерацијата** | | | | | | | | | | |
| 5 | Дејност на органите на општественото управување во училиштата од I и II степен, во културно-просветните, уметничко-забавните, здравствените и социјалните установи — годишно | Состав, работа и резултати од работата на органите на самоуправувањето, форми на непосредното управување (собири на работните луѓе, референдуми) | Училишта од I и II степен, културно-просветни, уметнички, здравствени и социјални установи | Сите фази на истражувањето | - | - | - | x | 15.06 до 30.07 | 209 |
| 6 | Општествено-политички и општествени организации (ДО) | Број на членовите на општествено-политичките и општествените организации | Соодветни форуми на општествено-политичките организации | Сите фази на истражувањето | - | - | - | x | 01.06 | 75 |
| | | | ДЕМОГРАФСКА СТАТИСТИКА | | | | | | | |
| **Истраж. од интерес за целата земја** | | | | | | | | | | |
| 1 | Статистика на родените (Дем-1, собирање месечно, обработка годишна) | Виталитет на детето (живородено или мртвородено), пол, место на раѓањето, старост на мајката и таткото, ред на раѓањето на детето, занимање на мајката и таткото, школска спрема, народност и др. | Матичари | Обработка на прашалници | Печатење обрасци, собирање, подготовка на обработката | x | x | x | 01.08 | 1.440 |
| 2 | Статистика на признавањето на татковство и позаконување на дете (Дем-1а собирање месечно, обработка годишна) | Пол и старост на детето; за мајката и таткото; старост, народност, занимање, школска спрема | Матичари | Обработка на сумари | Печатење обрасци, собирање, подготовка на обработката, обработка на прашалници | x | x | x | 01.08 | 116 |
| 3 | Статистика на умрените (Дем-2 и „Потврда за смртта". собирање месечно, обработка годишна) | Пол, старост, на умрениот, место на раѓањето и место на смртта, брачна состојба, народност, школска спрема, занимање, лекување, причина на смртта (дијагноза), вид насилна смрт, каде настанал несреќниот случај надворешна причина на несреќниот случај, дали случајот настанал при работа или надвор од работа | Матичари, здравствени установи, лекари, други овластени лица и лица што вршеле увид | Обработка на прашалници | Печатење обрасци, собирање, подготовка на обработката | x | x | x | 31.08 | 887 |
| 4 | Статистика на склучувањата на брак (Дем-3, собирање месечно, обработка годишна) | Старост, поранешна брачна состојба, брак по ред, народност, школска спрема, занимање | Матичари | Обработка на прашалници | Печатење обрасци, собирање, подготовка на обработката | x | x | x | 31.08 | 548 |
| 5 | Статистика на разведените бракови (РБ-1, собирање месечно, обработка годишна) | Старост, народност, школска спрема, занимање, брак по ред, број на децата, број на издржуваните деца, кој поднесол тужба, причина за развод, со чија вина е разведен бракот и на кој му се доделени децата | Окружни судови | Обработка на прашалници | Печатење обрасци, собирање, подготовка на обработката | x | x | x | 01.09 | 118 |
| 6 | Месечен преглед на запишувањата во матичните книги (Дем-4) | Број на запишувањата во матичната книга (на родените, умрените, и склучените бракови) по населбите | Матичари | Обработка на сумари | Изработка за преглед и обработка на сумари | x | x | x | 02 МЕС | 294 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Статистика на миграцијата: уселување (образец СМ-1) иселување (образец СМ-2) — собирање месечно, обработка годишна | Пол, старост, занимање школска спрема, од која земја доаѓа, народност, државјанство; земја во која се иселува | Органи на внатрешните работи на општината—околијата и на пограничните премини | Печатење на обрасците СМ-1 и СМ-2, а за СМ-2 собирање, подготовка на обработката и обработка на прашалници | Собирање (СМ-1), подготовка на обработката и обработка на сумари | x | x | x | 25.12 | 72 |
| 8 | Контрола на потполноста на опфаќањето и точноста на одговорите во статистиката на родените и умрените | Проверување на потполноста на пријавувањето и точноста на одговорите во статистичките ливчиња Дем-1, Дем-2 и во Потврдата за смртта | Матичари, здравствена служба и граѓани | Сите фази на истражувањето | - | - | x | x | 1968. | 59 |
| 9 | Попис на населението 1961 (ПС-1) | Резултати за вкупното и активното население по републиките и демографските реони | - | Обработка на прашалниците | - | - | x | x | | 1.210 |
| 10 | Пробни испитувања за пописот на населението во 1971 година | Проверување на методолошките и организационо-техничките прашања | Граѓани и работни организации | Сите фази на истражувањето | - | - | - | x | На крајот на годината | 157 |
| | | | **СТАТИСТИКА НА ТРУДОТ** | | | | | | | |
| 1 | Месечен извештај за нето личните доходи и за запослениот персонал (Рад-1)[1]) | Фонд на нето личните доходи по основите. Број на запослените на кои се однесуваат исплатите на личниот доход. Структура на фондот на работното време. Запослен персонал според височината на просечните нето лични доходи; Запослен персонал на крајот на претходниот месец, дошле — отишле во текот на месецот, запослени на крајот на месецот; вкупно и од тоа на определено време. Запослен персонал по смени и во неделно траење на работното време.[2]) | Сите работни организации | Печатење обрасци; обработка на сумари | Собирање, подготовка на обработката, обработка на прашалници | x | x | x | 18 МЕС | 3.910 |
| 2 | Полугодишен извештај за запослениот персонал кај приватни работодавци, состојба на 31 март и 30 септември (Рад-15) | Запослен персонал кај приватни работодавци според полот и видовите на дејноста | Комунални заводи за социјално осигурување | Печатење обрасци, обработка на сумари | Собирање, подготовка на обработката, обработка на прашалници | x | x | x | 30.06 20.12 | 99 |
| 3 | Снимање на запослениот персонал во општествениот сектор | Дејност на организацијата односно органот, место на работата, пол, старост, занимање, школска спрема, степен на стручното образование, стручна спрема за работа на работното место, тип на работно место, стаж, личен доход во 1966 година | Работни и други организации и државни органи | Печатење обрасци, дупчење картички, обработка, публикување | Собирање, ревизија на материјалот, шифрирање на прашалниците | x[3]) | x | x | 30.12 | 3.232 |
| 4 | Регистрација на учениците во стопанството, состојба на 31 март 1967 (Рад-31) | Пол; старост; школска спрема; дејност на работната организација — приватниот работодавец; сектор; занимање; траење на учењето | Општинскиот орган на управата надлежен за работите на трудот | Печатење обрасци, обработка на сумари | Собирање, подготовка на обработката | x | x | x | 20.12 | 396 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Извештај за лицата што се здобиле со степен на стручно образование ВК и КВ работник со полагање испит (Рад-32) | Пол; старост; школска спрема; стручно образование пред полагањето на испитот; степен на стручно образование стечен со полагање испит; занимање; дејност на работната организација — приватниот работодавец; сектор | Општинскиот орган на управата надлежен за работите на трудот, стручни училишта | Печатење обрасци, обработка на сумари | Собирање, подготовка на обработката | x | x | x | 25.07 | 306 |
| 6 | Годишен извештај за оструччување на работниците во 1966 година | Број и вид на институциите за стручно образование на работниците во организацијата; број на остручените лица во текот на 1966 година според полот, видот на оструччувањето и траењето на оструччувањето; број на стипендистите според полот и видот на школувањето; вкупно издвоени средства и вкупно потрошени средства за стручно образование според намената во 1966 година | Сите државни органи, работни и други организации и други правни лица | Печатење обрасци, обработка на републички сумари | Собирање, подготовка на обработката, обработка | x | x | x | 15.09 | 8,1 |

¹) За потребите на СФР Југославија и за потребите на републиките месечно се опфаќа 70% од запослениот персонал на секоја гранка. За месецот март со Рад-1 извештајот се опфаќаат сите организации. Запослениот персонал според височината на нето личните доходи во еден месец на годината како месечен просек.

²) Само за месецот март и септември.

³) Само во вид на збирни резултати.

## СТАТИСТИКА НА СТОПАНСКИТЕ БИЛАНСИ

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Комплексен годишен извештај на стопанските организации (КГИ-01) | Вредност на основните средства. Текушти инвестиции според намената и изворите на средствата: вредност на производството, материјални трошоци, амортизација — лични доходи, акумулација и фондови | Стопански организации | Печатење инструменти (освен СР и сл.), дел од теренските трошоци, целокупна обработка | Собирање, контрола и шифрирање, дел од теренските трошоци | x | x | x | 20.06 | 1.358 |
| 2 | Комплексен годишен извештај на нестопанските организации и установи (КГИ-02) | Вредност на основните средства и на основните средства во изградба. Текушти инвестициони вложувања според намената и изворите на средствата. Приходи и расходи на текуштото работење. Потрошувачка на материјални добра. Издатоци за услуги | Нестопански организации, установи и органи на управата | Печатење инструменти (освен СР и сл.), дел од теренските трошоци, обработка на сумари | Собирање, обработка на прашалници, дел од теренските трошоци | x | x | x | 01.09 | 623 |
| 3 | Извештај за репродукционата потрошувачка, залихите, набавката и продажбата на стоки (ПБ-11) — двегодишно | Репродукциона потрошувачка според групите на суровини и дејностите на потрошувачите; залихи на готово и недовршено производство, суровини и материјали, трговски стоки според групите на производи, држателите на залихи, набавка и продажба според групите на добавувачите и корисниците | Стопански организации | Печатење инструменти, дел од теренските трошоци и обработ... | Собирање, дел од теренските трошоци | - | x | x | 31.12 | 1.145 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Годишна пресметка на доходот од приватниот сектор на стопанството:<br>— земјоделство<br>— градежништво<br>— сообраќај<br>— трговија и угостителство<br>— занаетчиство | Вредност на производството, материјални трошоци во натура и во пари, амортизација, доход од приватниот сектор | Општински односно околиски комисии, што се формираат за таа цел | Упатства и дел од печатењето на обрасци и обработка на сумари | Собирање, обработка за републиката и општините | x | x | x | 20.06 | 601 |
| 5 | Годишен извештај за средствата и за фондовите на општините (Фин-50) | Површина, население, запослени и лични доходи, доход по дејностите и секторите, буџетски приходи и расходи, основни средства, инвестиции, приходи и расходи на општествените служби и фондови | Општините за приходите и расходите на буџетот, други податоци, РЗС од постојните служби | Упатства, обработки табели | Собирање, обработка | x | x | x | 01.10 | 204 |
| 6 | Инвестиции | Инвестиции според: изворите на финансирањето, намената, гранките и областите, техничката структура, обемот и местото на лоцирањето | Инвеститори | Печатење инструменти, обработка за федерацијата и теренски трошоци | Собирање, обработка на податоците за СР и за општините | x | x | x | 31.12 1967 | 623 |
| 7 | Текушта пресметка на општествениот производ и националниот доход според текуштите и постојаните цени. Распределба на општествениот производ според категориите на крајната наменска употреба | Според секторите на сопственоста, СР, гранките и областите: вредност на производството, општествен производ, национален доход и негови елементи. Распределба на општествениот производ со билансите на: личната потрошувачка, општата потрошувачка и инвестициите | Од статистичката документација на ЗСЗ и другите установи (види ги точките 1, 2 и 4) | Пресметка за СФРЈ | Пресметка врз база на КГИ-01 и доходот на стоп. сектор за републиките и општините (без распределба) | x | x | x | 20.06 01.11 | 182 |
| **Истражувања од интерес за федерацијата** | | | | | | | | | | |
| 8 | Статистика на меѓугранските односи input-output анализа) — (подготовки во 1967) | Конструкција на input-output табелата (98 сектори), пресметување на инверзните матрици — техничките коефициенти, со кои се прикажуваат директните и индиректните потреби од репро-материјал | Од статистичката документација на СЗС и другите установи (види ги точките 1, 2, 3 и 4) | Пресметки и обработки за СФРЈ | - | - | - | x | 1968 | [1]) |
| 9 | Општествени сметки на Југославија | 1. Сметка на производствените дејности<br>2. Сметка на паричните примања и издавања на населението<br>3. Сметка на паричните примања и издавања на нестопанските дејности<br>4. Сметка на личната и општата потрошувачка<br>5. Сметка на инвестициите<br>6. Сметка на односите со странство.<br>Со придружните аналитички табели кон секоја сметка | Од статистичката документација на СЗС и другите установи (основа се пре[illegible] точки 1, 2, [illegible] | Пресметки за СФРЈ | - | - | - | x | 12 1967 | 229 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Истражувања од интерес за целата земја** | | | | | | | | | | |
| 10 | Општествени сметки на републиките и општините | 1. Сметка на средствата на стопанските дејности<br>2. Сметка на општествените средства (распределба на акумулацијата)<br>3. Извршување на буџетот<br>4. Сметка на нестопанските дејности<br>5. Сметка на средствата на населението<br>6. Сметка на инвестициите<br>7. Сметка на односите со други ОПЗ и општествените фондови<br>8. Збирна сметка на формирањето и распрделбата на средствата на подрачјето на СР, односно општините<br>Кон секоја сметка се додаваат придружни аналитични табели | Од статистичката документација, основа на точ. 1, 2, 4 и 5 и евиденции на други установи | Изработка на методолошки основи | Пресметки за подрачјата на републиките и некои општини | - | x | x | 1967 | [1] |

[1]) Трошоците засметани кај другите истражувања.

## СТАТИСТИКА НА ИНДУСТРИЈАТА И ЗАНАЕТЧИСТВОТО

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Месечен извештај на индустријата (Инд-1) | Производство, реализација и залихи на производи; потрошок на електроенергија, гориво и суровини; вкупен број на запослениот персонал; проблематика | Индустриски претпријатија и други организации што имаат индустриски погони | Обработка на сумари | Собирање, подготовка на обработката, обработка на прашалници, печатење обрасци | x | x | x | 13 МЕС | 2.271 |
| 2 | Годишен извештај на индустријата (Инд-21) | Производство, реализација и залихи на производи според подробна номенклатура; податоци за распоредот на работниците и користењето на машините по смени; машини во електрани; пресметка на работниот ефект; дополнителни информации | Индустриски претпријатија и други организации што имаат индустриски погони | Дел од обработка на прашалници, обработка на сумари, печатење обрасци | Собирање, подготовка на обработката, дел од обработката на прашалници | x | x | x | 10.06 | 392 |
| 3 | Годишен извештај за билансот на електроенергијата (Инд-4) | Испорака на електроенергија на одделни категории потрошувачи според количината и вредноста и потрошок кај одделни претпријатија | Претпријатија за пренос и дистрибуција на електроенергија и електрометалургија и електрохемија | Обработка на прашалници, печатење обрасци | Собирање, подготовка на обработката | - | x | x | 25.04 | 14 |
| 4 | Годишен извештај за ефектите во рударството (Инд-32) | Производство, број на работниците и часови на работа со пресметка на работните ефекти; основни податоци за рудничката механизација и нејзиното користење | Рудници на јаглен, железо, обоени метали и неметали | Сите фази | | x | x | x | 25.03 | 8 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Тримесечен извештај за влијанието на инвестициите врз индустриското производство (Инд-53) | Основни средства, производство, потрошок и запослен персонал во новоизградените индустриски објекти | Индустриски претпријатија што пуштиле во работа нови погони и новоизградени претпријатија | Сите фази | - | - | x | x | 28.02 31.05 15.09 05.12 | 135 |
| 6 | Годишен извештај на општествените организации (Зан-2) | Производство, реализација, залихи на производи; потрошок на гориво и суровини; приказ на работата во смени | Општествени занаетчиски организации | Обработка на прашалници, печатење прашалници | Собирање, подготовка на обработката | x | x | x | 20.09 | 251 |
| 7 | Пробно истражување на кооперацијата и интеграцијата во индустријата | Обем; вид на договорот за кооперација, Обем и причини за интеграција | Претпријатија избрани за пробно испитување | Сите фази | - | - | - | x | 20.05 | 27 |
| 8 | Истражување на продуктивноста на трудот и на капацитетите во прехранбената индустрија | Број на запослените по фазите на производството. Основни машини и уреди и нивно користење | Претпријатија на прехранбената индустрија и соодветни индустриски погони | Обработка на прашилници, печатење обрасци | Собирање, подготовка на обработка | x | x | x | 23.12 | 25 |
| **Истражувања од интерес за федерацијата** | | | | | | | | | | |
